Акционерско друштво за производство
на конфекциски производи
"МОДА"
Бр. 02-288
15.04 2026 год.
Свети Николе

ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТЕЊЕТО НА

АД „МОДА“ СВЕТИ НИКОЛКЕ ЗА 2025 ГОДИНА

Назив на субјектот: **Акционерско друштво за производство на конфекциски производи „МОДА“ Св.Николе**

Седиште на субјектот: Ул.„Маршал Тито“ бр. 79 2220 Св.Николе

ЕДБ на субјектот: **4025996101620**

Во текот на 2025 година АД „МОДА“ оствари производни резултати кои се за 18,6% подобри од минатогодишните, истовремено остварениот девизен прилив од остварениот извоз е за 5,4% по добар од минатогодишниот.

Остварено е производство и извоз на 836.144 конфекциски производи во вредност од 4.074.187 ЕУР. Ваквиот извоз е за 5,4% по добар од минатогодишниот и се темели на зголеменото производство и по малите цени за 11% во однос на минатогодишните.

Треба да споменеме дека во услови на смалена побарувачка од КАСАМОДА, остварено е производство од 29.734 кошули во вредност од 195.376 ЕУР за останати коминтенти.

Во 2025 година се остварени 496.080 ефективни работни часови , што е за 3% повеќе од 2024 година.

Остварената продуктивност изразена преку остварен девизен прилив на еден работен час изнесува 8,21 ЕУР и е за 2,4% подобра од минатогодишната.

Во текот на целата 2025 година АД „МОДА“ се бореше со намалената побарувачка од германскиот партнер, кој истовремено е и мнозинскиот сопственик на друштвото. Во вакви отежнати услови отпуштени се 26 работника по основ на технолошки вишок, и да не се доведеме до понатамошно намалување на капацитетите се бараа налози од други партнери кои исто така беа наменети за извоз.

За жал ваквиот негативен тренд продолжува и во 2026 година, така од месец Април 2026 година сме соочени со падот на нарачките од КАСАМОДА од 2.500 парчиња на 2.000 парчиња дневно. Оваа состојба неминовно ќе доведе до отпуштање на работници по основ на технолошки вишок и намалување на капацитетите за

производство. Истовремено ова ќе предизвика додатни трошоци за исплата на отпремнини што негативно ќе влијае на финансискиот резултат во 2026 година.

И покрај ваквата лоша состојба со нарачките, сепак АД „МОДА" годината ја завршува со позитивен финансиски резултат, со остварена нето добивка од 3.932.808 денари.

Приходите од работење се зголемени за 4%, додека расходите од работење се зголемени за 0,9%. Најголем раст кај расходите бележат трошоците за вработените кои се поголеми за 3,3%, Останатите трошоци од работењето бележат намалување.

ОСНОВНИ ФИНАНСИСКИ ПОКАЗАТЕЛИ

-Вкупниот збир на Активата/Пасивата во Билансот

На состојба на 31.12.2024 година..... 192.607.753 ден.

-Приходи од работењето..... 290.497.285 ден.

-Расходи од работењето..... 284.181.506 ден.

-Залихи на готови производи и на недовршено

Производство на почетокот на годината.....5.412.928 ден.

-Залиха на готови производи и на недовршено

Производство на крајот на годината.....2.996.521 ден.

-Финансиски приходи..... 263.729 ден.

-Финансиски расходи..... 230.293 ден.

-Добивка од редовното работење..... 3.932.808 ден.

ПРИМАЊА НА ЧЛЕНОВИТЕ НА ОДБОРОТ НА ДИРЕКТОРИ

1. Извршен директор Ангел Димитров, Нето плата од 1.967.808 денари, надомест за член на Одбор на директори 737.940 денари и Регрес за годишен одмор 18.000 денари.

2. Неизвршен директор Манфред Михалски, Нето плата од 613.269 денари, надомест за член на Одбор на директори 737.940 денари и Регрес за годишен одмор 18.000 денари.
3. Неизвршен директор Мара Саздовска, Нето плата од 995.100 денари, надомест за член на Одбор на директори 737.940 денари.
4. Независен член на Одбор на директори Владимир Стојанов, Нето плата од 888.263 денари, Надомест за член на Одбор на директори 120.000 денари и Регрес за годишен одмор од 18.000 денари.

Согласно член 42-а од Правилата за котација на Македонска берза АД „Мода" не ги исполнува условите и не мора да го применува Кодексот за корпоративно управување за друштва котирани на Македонската берза.

Во текот на 2025 година вкупните инвестиции во движен и недвижен имот изнесуваат само 7.200 ЕУР.

Целокупните средства со кои располага друштвото се во негова сопственост и во моментов друштвото нема потреба од никакви задолжувања кај банките или кај други кредитори.

Нај големиот ризик во работењето на друштвото е поврзан со фирмата KASAMODA од Германија и негативните тенденции на германскиот пазар многу се одразуваат на работењето на друштвото.

Во идниот период од големо значење е да се одржи производството според постојниот број на вработени и ако дојде до намалување на бројот на работници, тогаш да се задржат помладите и по добрите работници.

Не постојат средства во друштвото кои поради неадекватно мерење можат да предизвикаат влијание на финансискиот резултат или пак да предизвикаат скриени добивки или загуби.

Единствена судска постапка што ја води друштвото е тужбата спрема Управата за јавни приходи, која во првостепената постапка пред Управниот суд е во корист на друштвото, а во моментов друштвото го чека Решението на Управниот суд од повторената постапка.

Св.Николе, 20.02.2026 год.

Извршен директор

Ангел Димитров